# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 21. 12.2017 год.<br>Скопје<br>Број 23 год. XII | Претплатата за 2017 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


декември, 2017 година

**С О Д Р Ж И Н А**

Стр.


- Одлука за давање согласност за потпишување Договор, со Решение за објавување ........................................................ 1 - 2
- Одлука за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје, со решение за објавување ...... 3 - 9
- Одлука за прифаќање донација на прочистувачи на воздух за ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин"-Скопје (објект „Бели Мугри" и објект „Н.Н. Борче"), со Решение за објавување ........................................................ 10 - 11
- Одлука за прифаќање неповратна финансиска помош од Министерскиот совет на Република Бугарија, со Решение за објавување ........................................................ 12 - 13
- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........................................................ 14 - 15
- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програма за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ....................................... 16 - 17
- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програма за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ............................. 18 - 19
- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програма за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ................. 20 - 21
- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програма за култура на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........................................................ 22 - 23

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програма за образование на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........ 24 - 25

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програма за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........ 26 - 27

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-програма за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........ 28 - 29

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-буџет на Општина Центар- Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........ 30 - 31

- Заклучок за утврдување на текстот на Нацрт-одлука за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со Решение за објавување ........ 32 - 33

- Одлука за прифаќање донација за украсување на сквер Јадран и парк Капиштец, со Решение за објавување ........ 34 - 35

- Јавни објави ........ 36 - 39

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за давање согласност за потпишување Договор**

Се објавува Одлуката за давање согласност за потпишување Договор,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 3
18.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 16, член 14 и член 22 став 1 и точка 3 од законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија " број 5/02), Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, оддржана на 18.12.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за потпишување Договор**

**Член 1**

Се дава согласност Општина Центар-Скопје да потпише Договор за доделување грант за акција, регистриран под број 2017-3636/001-001 во Европската комисија, Програма: Европа за граѓаните Дел 1 - Европско сеќавање (РЕМЕМ), Дел 2 - Демократско ангажирање и граѓанско учество, Мерки за проекти на граѓанското општество (МПГО), Мрежи на градови (МГ) и збратимување на градови(ЗГ).

**Член 2**

Видот на активностите, начинот на користење на доделените финансиски средства и обврските на Општина Центар-Скопје, како главен носител на проектот, се утврдени со Договорот.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Центар-Скопје да го потпише Договорот за доделување грант за акција број 2017-3636/001-001.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласникна Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5170/2
18.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука**
**за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје.

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 5
18.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
Со оваа Одлука се определуваат условите за стекнување средства од давање на користење на училишниот простор во основните училишта чиј основач е Општина Центар-Скопје (во натамошниот текст основни училишта), како и начинот на распределба на средствата остварени по таа основа.

### Член 2
Под училишен простор, во смисла на оваа Одлука, се подразбира просторот чиј корисник е основното училиште, а се наоѓа во објектот на училиштето или во рамките на градежната парцела (дворно место).

### Член 3
Основните училишта може да го даваат училишниот простор на користење под услови и на начин утврден со закон, со оваа Одлука и статутот на училиштето.

## II УСЛОВИ ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ УЧИЛИШЕН ПРОСТОР

### Член 4
Училишниот простор може да се дава на користење на правни и на физички лица, за определен период, во определени термини (по час) или по м$^2$.

### Член 5

Предмет на користење може да биде следниот училишен простор:
1. Отворени спортски терени,

2. Простории што се во функција на наставата:
- фискултурна сала
- кабинет
- училница и
- работилница

3. Други објекти и простории:
- училишен базен
- свечена сала
- училишна кујна
- просторија што не е во функција на наставата
- подрум, гаража и други помошни простории

### Член 6

Училишниот простор може да се дава на користење само ако:
- Просторот, во времетраењето - терминот на издавањето, не ги попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно-образовниот процес
- употребата на просторот нема да влијае врз безбедноста на учениците, како и на лицата што ќе го користат училишниот простор и
- намената заради која се користи просторот не доведува до негово оштетување.

### Член 7

(1) Училишниот простор се дава на користење со јавно наддавање врз основа на одлука на училишниот одбор.
(2) Одлуката од став (1) на овој член содржи:
- дефинирање, односно прецизно определување на просторот што ќе се дава на користење
- намена на просторот што ќе се користи
- времетраење и начин на користење на просторот (по час термин или $м^2$)
- почетна цена на надоместокот на огласот за избор на најповолна понуда
- употребата на просторот нема да влијае врз безбедноста на учениците и на квалитетот на воспитно-образовниот процес и
- други прашања во врска со давање на користење на училишниот простор.

(3) Кога училишниот простор се издава за приготвување храна за учениците, како критериум за избор на најповолна понуда, покрај надоместокот за користење на просторот, задолжително се земаат предвид и цената и квалитетот на услугите за исхрана на учениците што корисникот не може еднострано да ги менува во текот на траењето на договорот.
(4) Одлуката од став 1 на овој член, пред нејзиното огласување, подлежи на согласност од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.
(5) Градоначалникот именува Комисија од тројца членови, во која еден член е од редот на Советот на родители и два члена се од редот на вработените во општинската администрација.

**Член 8**

Постапката по јавниот оглас за избор на најповолна понуда ја спроведува Комисијата што е формирана од Градоначалникот на Општина Центар-Скопје.

**Член 9**

(1) За просторот или за терминот на давање на користење училишен простор Општина Центар-Скопје и корисникот склучуваат писмен договор со кој се утврдуваат меѓусебните права, обврски и одговорности што произлегуваат од предметот на договорот.
(2) Договорот за користење содржи:
- страни на договорот,
- предмет на договорот,
- намена за која се користи просторот,
- времетраење на користењето,
- цена и начин на плаќање,
- обврски на корисникот во согласност со намената на договорот,
- обезбедување на побарувањата од договорот,
- услови за раскинување на договорот,
- други прашања од значењето за реализација на договорот.

## III НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ

**Член 10**

Училишниот простор може да се дава на користење за следнава намена:

- настава,
- спорт и рекреација,
- културни и други манифестации,

- угостителски услуги за прехранбени производи - исхрана на учениците за настава со продолжен престој и други дејности од мал обем, под услов да не ѝ пречи на наставата и да се исполнети законските услови за вршење на тие дејности и за заштита на животната средина.

**Член 11**

(1) Ако училишниот простор се дава за угостителски услуги за прехранбени производи - исхрана на учениците за настава со продолжен престој и други дејности од мал обем, корисникот е должен на своја сметка да ги обезбеди сите потребни согласности - дозволи од надлежните органи.
(2) Основното училиште ќе води сметка, намената од став 1 на овој член, да не им пречи на наставата и на околниот простор, како и да биде исполнета законската регулатива во областа на заштитата на животната средина.

**Член 12**

Ако училишниот простор се користи со опрема и со инвентар што не може физички да се издвои или ако тие се во функција на намената за која просторот се дава на користење (настава, спорт и рекреација, културни и други манифестации), корисникот е должен да положи депозит за покривање на претпоставената штета што може да биде предизвикана при користењето на просторот.

## IV ВИСИНА НА ЦЕНАТА ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

**Член 13**

Висината на надоместокот за користење на училишниот простор може да се утврдува во евро/м$^2$ или евро/час во денарска противвредност, во согласност со микролокацијата на објектот и со други погодности во согласност со условите на пазарот на недвижен имот.

## V ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА УЧИЛИШНИОТ ПРОСТОР

**Член 14**

(1) Договорот за давање на користење училишен простор се склучува на една (1) година.
(2) По исклучок од став (1) на овој член, ако користењето на просторот е поврзано со вложувања од корисникот, договорот за користење може да се склучи и за подолг период, но не повеќе од пет (5) години, и тоа:

| За вложувања до: (во денарска противвредност) | Времетраење на договорот |
|---|---|
| 3.000 евра | 2 години |
| 5.000 евра | 3 години |
| 10.000 евра | 4 години |
| над 10.000 евра | 5 години |

(3) За вложување од корисникот што бара времетраењето на договорот да изнесува повеќе од две години, потребна е писмена согласност од Градоначалникот на Општината.

## VI НАМЕНА НА ОСТВАРЕНИОТ НАДОМЕСТОК

### Член 15

Средствата остварени по основа на користење на училишен простор се користат наменски и ќе се распределуваат за следнава намена:
- подобрување на условите за воспитно-образовната дејност на училиштата,
- финансирање на проекти за унапредување и модернизација на воспитно-образовниот процес,
- набавка на училишен материјал,
- тековно или инвестициско одржување и надоместување на трошоците за електрична енергија, парно греење, телефон, интернет и др.

### Член 16

(1) Комисијата за образование на Советот на Општина Центар-Скопје дава мислење за приоритетите, намената и за начинот на користење на остварените средства за секое училиште одделно.

## VII НАДЗОР

### Член 17

Надзорот над спроведувањето на оваа Одлука го врши Комисијата за образование при Советот на Општина Центар-Скопје.
Комисијата на Градоначалникот има право и должност да го следи спроведувањето на Одлуката за давање на користење училишен простор

како и на училишните екскурзии и физичкото обезбедување на објектите на основните училишта и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје, да дава мислења и сугестии за нејзината примена, како и да презема други потребни мерки за нејзина оперативна реализација.

За преземените мерки и активности за реализација на Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје, Комисијата на Градоначалникот поднесува извештај до Советот.

## VIII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Со влегување во сила на оваа Одлука се става вон сила Одлуката за давање на користење училишен простор и спроведување на други активности во врска со основните училишта на Општина Центар-Скопје (Пречистен текст) бр. 0811-5495/1 од 28.9.2015 година.

### Член 19

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5170/4<br>
18.12.2017 година<br>
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје<br>
ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за прифаќање донација на прочистувачи на воздух за ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин“-Скопје**
**(објект „Бели Мугри“ и објект „Н.Н. Борче“)**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација на прочистувачи на воздух за ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин“-Скопје (објект „Бели Мугри“ и објект „Н.Н. Борче“),

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на втората вонредна седница, одржана на 20.12.2017 година.

Бр.09-5340/3
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на втората вонредна седница, одржана на 20.12 .2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација на прочистувачи на воздух за**
**ЈУДГ ОЦ „Кочо Рацин“-Скопје**
**(објект „Бели Мугри“ и објект „Н.Н. Борче“)**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа втората донација на 12 уреди за прочистување на воздухот од кои шест (6) се наменети за Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, објект „Бели Мугри“ и  шест (6) се наменети за Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „Кочо Рацин“-Скопје, објект „Н.Н. Борче“.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот да го потпише Договорот за донација со Ротари клуб Скопје - Камен Мост.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја реализира оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5340/2 — Совет на Општина Центар-Скопје
20.12.2017 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
С к о п ј е — Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за прифаќање неповратна финансиска помош од**
**Министерскиот совет на Република Бугарија**

Се објавува Одлуката за прифаќање неповратна финансиска помош од Министерскиот совет на Република Бугарија,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на втората вонредна седница, одржана на 20.12.2017 година.

Бр.09-5340/5
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар- Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на втората вонредна седница, одржана на 20.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање неповратна финансиска помош од Министерскиот совет на Република Бугарија**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје прифаќа неповратна финансиска помош од Министерскиот совет на Република Бугарија во износ од 270.000,00 лева во денарска противвредност.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се наменети за извршување на проект: Енергетска ефикасност, Општинско основно училиште „Димитар Миладинов“-Скопје.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на посебна донаторска сметка на Општина Центар-Скопје.

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја реализира оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5340/4
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 7
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на**
**Нацрт-програмата за урбано планирање Ф на**
**Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за урбано планирање Ф на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5170/6
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-пограмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 9
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот**
**на Нацрт-програмата за комунални дејности**
**на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5170/8
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 11
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на**
**Нацрт-програмата за локален економски развој**
**на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за локален економски развој на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5170/10
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 13
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на Нацрт-програмата**
**за заштита на животната средина на**
**Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за заштита на животната средина на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5170/12
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 15
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на**
**Нацрт-програмата за култура на Општина**
**Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за култура на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5170/14
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/17
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за образование на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5170/16
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/19
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за спорт и рекреација на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5170/18
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
20.12.2017 година на Општина Центар-Скопје
С к о п ј е Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на Нацрт-програмата**
**за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на**
**Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца на Општина Центар-Скопје за 2018 година, со забелешките и со предлозите изнесени на седницата на Советот.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5170/20
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 23
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, го разгледа Нацрт-буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на**
**Нацрт-буџетот на Општина Центар-Скопје**
**за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година.

2. Нацрт-буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година да се даде на јавна расправа и да се организира негова презентација пред претставниците на граѓаните во Општина Центар-Скопје.

3. При изготвувањето на Предлог-буџетот да се земат предвид забелешките и предлозите изнесени по Нацрт-буџетот и во јавната расправа.

4. Заклучокот да се достави до Градоначалникот и до Секторот за финансиски прашања.

5. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5170/22
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година**

Се објавува Заклучокот за утврдување на текстот на Нацрт-одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/ 25
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, ја разгледа Нацрт-одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година и го донесе следниов

**З А К Л У Ч О К**
**за утврдување на текстот на**
**Нацрт-одлуката за извршување на Буџетот на**
**Општина Центар-Скопје за 2018 година**

1. Се утврдува текстот на Нацрт-одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2018 година,

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-5170/24
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација за украсување на сквер Јадран и парк Капиштец**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација за украсување на сквер Јадран и парк Капиштец

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година.

Бр.09-5170/27
20.12.2017 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 5/02 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје (Службен гласник на Општина Центар-Скопје" број 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на петтата седница, одржана на 18.12.2017 и на 20.12.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за прифаќање донација за украсување на сквер Јадран и парк Капиштец**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Линк Медиа плус-Скопје за новогодишно украсување на сквер Јадран и на парк Капиштец по повод Новата 2018 година.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општината да го потпише Договорот за донација со Линк Медиа плус- Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје"

Бр. 08-5170/26
20.12.2017 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 33-ИП1-22 од 07.04.2017 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 134 став 1 алинеа 1 и член 137 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010, број 18/2011, број 36/2011, број 54/2011, број 13/2012, број 144/2012), овластениот градежен инспектор при Општината Центар, донесе:

## РЕШЕНИЕ

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ** АЛЕКСОВСКИ ТОМИСЛАВ со седиште на ул."Рилски конгрес" бр.23 од Скопје **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на ова решение да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ДОГРАДБА под челичната конструкција И БЕТОНСКА ПЛАТФОРМА со димензии 12.00x10.00м НА КП 13801 И КП 9940 КО ЦЕНТАР 1**, што е изградена **БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ** на ул."Пиринска" бр.48 – Скопје.

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.
3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

### Образложение

1. Овластениот градежен инспектор при Општината Центар, постапувајќи по службена должност при вршење на инспекциски надзор, изврши увид на лице место и констатира со Записник уп.бр. 33-ИП1-22 од 07.04.2017 година, дека градителот АЛЕКСОВСКИ ТОМИСЛАВ, **ИМА ИЗГРАДЕНО – ДОГРАДБА под челичната конструкција И БЕТОНСКА ПЛАТФОРМА со димензии 12.00x10.00м НА КП 13801 И КП 9940 КО ЦЕНТАР 1**, на ул."Пиринска" бр.48 – Скопје.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градење согласно член 137 став 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради градбата без одобрение за градење согласно член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.) се донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 33-ИП1-22 од 07.04.2017 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 223, 224 и 225 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38 од 26.05.2005 год. и број 110 од 02.09.2008год.), овластениот градежен инспектор при Општината Центар, донесе :

**ЗАКЛУЧОК**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението уп.бр. 33-ИП1-22 од 07.04.2017 год. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор при Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот инвеститор АЛЕКСОВСКИ ТОМИСЛАВ со седиште на ул."Рилски конгрес" бр.23 од Скопје, **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **ДОГРАДБА под челичната конструкција И БЕТОНСКА ПЛАТФОРМА со димензии 12.00x10.00м НА КП 13801 И КП 9940 КО ЦЕНТАР 1,** на ул."Пиринска" бр.48 – Скопје, или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Овластениот градежен инспектор при Општина Центар, со решение уп.бр. 33-ИП1-22 од 07.04.2017 година, му наложи на градителот АЛЕКСОВСКИ ТОМИСЛАВ од Скопје, да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ДОГРАДБА под челичната конструкција И БЕТОНСКА ПЛАТФОРМА со димензии 12.00x10.00м НА КП 13801 И КП 9940 КО ЦЕНТАР 1,** што е изградена **БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ** на ул."Пиринска" бр.48 – Скопје.
Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градба , а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010 и број 18/2011) не го одлага извршувањето на решението. Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 270 став 2 точка 3 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38/05 и број 110/08) и член 142 став 1 од Законот за градење (("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010 и број 18/2011) станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.
Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**Олга Влинтоска дипл. град.инж.**

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 33-ИП1-22 од 09.02.2017 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 134 став 1 алинеа 1 и член 137 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010, број 18/2011, број 36/2011, број 54/2011, број 13/2012, број 144/2012), овластениот градежен инспектор при Општината Центар, донесе:

# РЕШЕНИЕ

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ** АЛЕКСОВСКИ ТОМИСЛАВ со седиште на ул."Рилски конгрес" бр.23 од Скопје **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на ова решение да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **ЧЕЛИЧНА КОНСТРУКЦИЈА со димензии 12.00x10.00м и да ги врати во првобитна состојба срушените скали на фасада на зградата НА КП 13801 И КП 9940 КО ЦЕНТАР 1**, што е изградена **БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ** на ул."Пиринска" бр.48 – Скопје.

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.
3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.
4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

1. Овластениот градежен инспектор при Општината Центар, постапувајќи по службена должност при вршење на инспекциски надзор, изврши увид на лице место и констатира со Записник уп.бр. 33-ИП1-22 од 09.02.2017 година, дека градителот АЛЕКСОВСКИ ТОМИСЛАВ, **ИМА ИЗГРАДЕНО – ЧЕЛИЧНА КОНСТРУКЦИЈА со димензии 12.00x10.00м и да ги врати во првобитна состојба срушените скали на фасада на зградата НА КП 13801 И КП 9940 КО ЦЕНТАР 1**, на ул."Пиринска" бр.48 – Скопје.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градење согласно член 137 став 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја гради градбата без одобрение за градење согласно член 134 став 1 алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130 од 28.10.2009 год.) се донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**дипл. град.инж. Олга Влинтоска**

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. 33-ИП1-297 од 22.12.2016 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 223, 224 и 225 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38 од 26.05.2005 год. и број 110 од 02.09.2008год.), овластениот градежен инспектор при Општината Центар, донесе :

**З А К Л У Ч О К**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението уп.бр. 33-ИП1-297 од 22.12.2016 год. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор при Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.
2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот инвеститор НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, **ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: **АБ ПЛОЧА со димензии 15.00x35.00м и АБ СТОЛБОВИ НА КП 4289/1 КО ЦЕНТАР 1** на ул."Самоилова" со бул.Никола Карев Скопје, или го допушти неговото присилно административно извршување.
3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.
4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор при Општина Центар, со решение уп.бр. 33-ИП1-297 од 22.12.2016 година, му наложи на градителот НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР од Скопје, да ја **ОТСТРАНИ** градбата – **АБ ПЛОЧА со димензии 15.00x35.00м И АБ СТОЛБОВИ НА КП 4289/1 КО ЦЕНТАР 1** што е изградена **БЕЗ ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ** на ул."Самоилова" со бул.Никола Карев – Скопје.
Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата што се гради без одобрение за градба , а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010 и број 18/2011) не го одлага извршувањето на решението. Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 270 став 2 точка 3 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на РМ" број 38/05 и број 110/08) и член 142 став 1 од Законот за градење (("Службен весник на РМ" број 130/2009, број 124/2010 и број 18/2011) станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.
Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР,**
**Олга Влинтоска дипл. град.инж.**